Уп. бр. 08-69

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото САРАНТИС ПОЛСКА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО со регистрирано седиште ул. "Пулавска" бр. 42 Ц, 05-500 Пјасечно, Полска, доставено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 27.04.2022 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која САРАНТИС ПОЛСКА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО со регистрирано седиште ул. "Пулавска" бр. 42 Ц, 05-500 Пјасечно, Полска ќе стекне индивидуална контрола над друштвото СТЕЛА ПЕК ЈУРОП ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ со регистрирано седиште на ул. "Задумана" бр. 11а/4, 02-206 Варшава, Полска, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.03.2022 година, а дополнето на ден 08.04.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), е доставено известување за концентрација од страна на друштвото САРАНТИС ПОЛСКА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО со регистрирано седиште ул. "Пулавска" бр. 42 Ц, 05-500 Пјасечно, Полска, со која САРАНТИС ПОЛСКА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ќе стекне индивидуална контрола над друштвото СТЕЛА ПЕК ЈУРОП ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ со регистрирано седиште на ул. "Задумана" бр. 11А/4, 02-206 Варшава, Полска
Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањето го утврди следното:

Предложената трансакција се однесува на стекнување контрола врз СТЕЛА ПЕК ЈУРОП ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, холдинг друштво контролирано од страна на Групацијата Баунти Брендс. СТЕЛА ПЕК ЈУРОП ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ поседува мнозински удел (60%) во Стела Пек Акционерско друштво. Со исклучок на стекнувањето индивидуална контрола врз СТЕЛА ПЕК ЈУРОП ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, САРАНТИС има намера да ги стекне преостанатите 40% од акциите во Стела Пек Акционерско друштво.

Покрај Стела Пек Акционерско друштво, Групацијата Стела ги вклучува Стела Пек Украина и Стела Пек Романија.

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-САРАНТИС ПОЛСКА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО е акционерско друштво во приватна сопственост од Полска, подружница во директна целосна сопственост на ГР. Сарантис С.А. со седиште во Амарусион, Грција. ГР Сарантис е субјект кој котира на Берзата во Атина уште од 1994 година и е матично друштво на Групацијата Сарантис. Групацијата Сарантис се занимава со производство и дистрибуција на следните категории производи:

-козметички производи за широка потрошувачка (производи за лична хигиена, вклучувајчи сапуни);

-производи за домаќинство (вклучувајќи производи за професионална употреба);

-производи за нега и здравје (витамини, додатоци за исхрана, сетови за тестирање, фармацевстка козметика) и

-луксузна козметика (парфеми, козметика за нега на лице и шминка).

Првите две категории производи ги претставуваат главните столбови на раст на Групацијата, бидејќи сочинуваат 90% од вкупната продажба, кои вклучуваат повеќе од 80 различни трговски марки. Најголемиот дел од овие трговски марки се произведуваат во главните производствени капацитети на ГРУПАЦИЈАТА САРАНТИС во Грција и во Полска. Тие ги вклучуваат сопствените добро познати трговски марки, како што се: СТР8, БИЈ, Си-тру, Ноксзема, Каротен, Биотен, Елмиплант, Коластина, Орзене, Астрид, Индулона, Санитас, Фино, Иан Ниезбедни, Ава, Теза, Пирокс, Камел, Афросо и Луксја.
Групацијата САРАНТИС контролира оперативни подружници во десет европски земји: Полска, Романија, Бугарија, Србија, Република Чешка, Унгарија, Северна Македонија, Босна, Словачка и Португалија - притоа останувајќи меѓународно присутна и водејќи дистрибутивна мрежа преку која извезува во повеќе од 35 земји.

Групацијата САРАНТИС има едно поврзано лице регистрирано во Северна Македонија-САРАНТИС-СКОПЈЕ ДООЕЛ, Скопје со регистрирано седиште на бул.„8ми Септември" бр. 40/2, Скопје, Карпош и со приоритетна дејност-трговија на големо со парфимериски и козметички препарати. САРАНТИС-СКОПЈЕ ДООЕЛ, Скопје е друштво кое работи во областа на производи за потрошувачи и нуди водечки трговски марки во категориите производи за лична нега и производи за одржување хигиена во домаќинството. Тоа е присутно на пазарот на производи за широка потрошувачка во Северна Македонија, со свои сопствени трговски марки на парфеми/козметика, како што се СТР8, БИЈУ, СИ-ТРУ, Elode, Биотен и Каротен и е

дистрибутер на трговските марки Контер (Conter), ПУИГ (PUIG) и Антонио Бандерас. Производите од деловната единица за производи за одржување хигиена во домаќинството се производи за пакување храна, вреќи за отпад, опрема за чистење и производи за одзатнување одводи и цевки.

-СТЕЛА ПЕК ЈУРОП ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ е холдинг друштво контролирано од страна на Групацијата Баунти Брендс. СТЕЛА ПЕК ЈУРОП ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ поседува мнозински удел (60%) во Стела Пек Акционерско друштво, Стела Пек Акционерско друштво е еден од најголемите производители на кеси за отпад и дистрибутери на нехемиски производи за чистење и хигиена во Европа. Друштвото има 20-годишно искуство во производство и дистрибуција на производи со највисок квалитет и во градењето на позицијата на сопствените трговски марки на пазарот.

Покрај Стела Пек Акционерско друштво Групацијата Стела ги вклучува Стела Пак Украина и Стела Пак Романија . Таа е активна во 33 земји и извозот сочинува околу 44% од продажбата (2019 година). Во 2021 година, бројот на вработени во Групацијата Стела изнесувал повеќе од 800 лица.

Групацијата Стела нема поврзани друштва во Северна Македонија, но има остварено само минимални приходи од дистрибуција на нехемиски производи за чистење и хигиена. [1]XXX. Стела Груп нема никаква дистрибутивна мрежа во Северна Македонија, туку нејзината продажба е генерирана преку директна продажба на (еден) клиент.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна.

Formatted: Macedonian

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**